ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 02-3542/17
31.08.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 и член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 202/24), Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје донесе

**ОДЛУКА**

**за невршење избор на кандидат за административен службеник за работно место Советник градежен инспектор**

1. За работно место со шифра ИНС0101В01001 и назив на работно место **Советник градежен инспектор** во Одделение за градежна инспекција во Сектор за инспекциски работи во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.**

2. Оваа одлука влегува на сила по нејзината конечност, а ќе се објави на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенција за администрација по барање на Општина Центар објави јавен оглас бр.459 на ден 04.07.2026 год., во дневните весници ,,Слободен Печат", ,,Вечер" и ,,Коха" за потреба од вработување административен службеник - 1 (еден) извршител на неопределено време на работно место со шифра ИНС0101В01001 и назив на работно место Советник градежен инспектор во Одделение за градежна инспекција во Сектор за инспекциски работи на Општина Центар.
Со Решение бр.10-1589/5 од 09.07.2026 год. е формирана Комисија за селекција за вработување по Јавен Оглас бр.459/2026. На ден 21.07.2026 во просториите на Агенција за администрација се спроведе административна селекција, од вкупно пријавени 7 кандидати од кои 2 уредни кандидати и 5 неуредни кандидати. Само 1 кандидат положи во втората фаза што се состави Записник бр.10-1589/9 од 17.08.2026 година. Во третата фаза на селекција уредно поканетиот кандидат не се појаи на интервјуто
Врз основа на претходно наведеното Комисијата не даде предлог за вработување за работното место по Јавниот оглас бр. 459/2026 по што се одлучи како диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

СЕКРЕТАР
ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје
Георги Трајчев

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Сектор за човечки ресурси;
- Агенција за администрација и Архива